# Службен гласник
## на Општина Струмица

| Број 3 | Среда , 05 април 2006 год. |
|---|---|


## С о д р ж и н а

### Совет на општина Струмица:


Стр.

17. **Одлука** за донесување на Деталeн урбанистички план на град Струмица Блок 4 Урбан модул 1 .............................. 66
18. **Одлука** за давање согласност на Статутот на Локалната установа библиотека “Благој Јанков Мучето” Струмица .................................................... 67
19. **Одлука** за давање согласност на Одлуката на ЈПКД “Комуналец” Струмица за одобрување користење и цена на техничка вода на ЈП “Турија” – Василево од водоводен приклучок ЗИК “Струмичко Поле” .................................... 68
20. **Одлука** за давање согласност на Одлуката за висината на цени на услугите на пазари ............................ 68
21. **Одлука** за давање согласност на Одлуката за потврдување на донесени Одлуки од ЈПКД “Комуналец” Струмица ...................... 68


### Градоначалник на општина Струмица:


22. **Решение** за престанок на мандатот на директорот на ОУ “Св. Кирил и Методиј” с. Дабиле ………..………………………….. 69
23. **Решение** за именување на вршител на должноста директор на ОУ “Св. Кирил и Методиј” с. Дабиле ………………………. 69
24. **Решение** за именување Секретар на општина Струмица ………………………… 69
25. **Решение** за формирање Комисија за јавни набавки на Општина Струмица …. 70
26. **Решение** за формирање на Развоен тим за интегриран развој на општината ..….. 70
27. **Решение** за формирање на Оперативен тим за јавни комунални услуги…………………………………….. 71
28. **Решение** за формирање на Оперативен тим за урбанистичко планирање, реализација на плановите и ГИС ……………………..…… 72
29. **Решение** за формирање на Оперативен тим за внатрершна организација ……………………..……..... 73
30. **Решение** за формирање на Оперативен тим за односи со јавноста ……………………..………..... 74
31. **Решение** за формирање на Оперативен тим за обука ………..…... 75

32. **Решение** за формирање на Оперативен тим за хардвер и софтвер ……………… 76

33. **Решение** за избор на директор на Јавната општинска установа детска градинка “Детска радост” Струмица ..... 77

34. **Решение** за разрешување на директорот на ОУ “Герас Цунев”- Просениково ……………………………….. 78

35. **Решение** за именување вршител на должноста директор на ОУ “Герас Цунев” Просениково ……………………... 78

36. **Решение** за разрешување на директорот на ОУ “Даме Груев” – Куклиш ……………………………………… 79

37. **Решение** за именување вршител на должноста директор на ОУ “Даме Груев” Куклиш ……………………………………… 79

38. **Решение** за разрешување на директорот на ОУ “Маршал Тито” – Муртино …………………………………….. 80

39. **Решение** за именување вршител на должноста директор на ОУ “Маршал Тито” Муртино …………………………….... 80

40. **Решение** за разрешување на директорот на ОУ “Сандо Масев”- Струмица……………………………… 80

41. **Решение** за именување вршител на должноста директор на ОУ “Сандо Масев” Струмица ………………………. 81

42. **Решение** за разрешување на директорот на ОУ “Видое Подгорец”- Струмица ……………………………… 81

43. **Решение** за именување вршител на должноста директор на ОУ “Видое Подгорец” Струмица ………………….. 82

44. **Решение** за разрешување на директорот на ОУ “Маршал Тито”- Струмица ………………………..…..….. 82

45. **Решение** за именување вршител на должноста директор на ОУ “Маршал Тито” Струмица ……………………….. 83

46. **Решение** за разрешување на директорот на ОУ “Никола Вапцаров”- Струмица ………………… 83

47. **Решение** за именување вршител на должноста директор на ОУ “Никола Вапцаров” Струмица ………………... 84

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица ("Службен гласник на општина Струмица" број 4/03 и 2/06), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за донесување на Деталек урбанистички план на град Струмица Блок 4 Урбан модул 1

1. Се објавува Одлуката за донесување на Детален урбанистички план на град Струмица Блок 4 Урбан модул 1 Струмица, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 30.03.2006 година.

Бр. 08-1730/2 Градоначалник
03.04.2005 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

........................

**17.**

Врз основа на член 26 точка 5 алинеа 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Сл. весник на РМ” број 51/05) и член 21 став 1 точка 7 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” број 4/03) Советот на општина Струмица на седницата одржана на 30.03.2006 година, донесе

**О д л у к а**
**за донесување Детален урбанистички план на град Струмица Блок 4 Урбан модул 1**

Член 1

Се донесува Детален урбанистички план на град Струмица Блок 4 Урбан модул 1.

Член 2

Деталниот урбанистички план на град Струмица Блок 4 Урбан модул 1 со граничен опфат помеѓу ул. “Климент Охридски”, Просенички пат, Крива Река и ул.”Братство Единство” (ново предвидена) со технички број 75/04, е изработен од ДОО “Урбан” Штип, и содржи:

1. Текстуален дел
2. Графички дел.

Член 3

Деталниот урбанистички план се заверува со печат на Советот на општина Струмица и потпис на претседателот на Советот на општината.

Член 4

Деталниот урбанистички план на град Струмица Блок 4 Урбан модул 1 е изработен во четири примероци од кои три за Општина Струмица и еден примерок за Министерството за транспорт и врски – Скопје.

Член 5

Спроведувањето на Деталниот урбанистички план ќе го врши Општина Струмица.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Сл. гласник на општина Струмица."

Бр. 07-1730/1 Совет на општина Струмица
31.03.2006 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

........................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица ("Службен гласник на општина Струмица" број 4/03 и 2/06), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за давање согласност на Статутот на Локалната установа Библиотека "Благој Јанков" Мучето" Струмица

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Статутот на Локалната установа Библиотека "Благој Јанков Мучето" Струмица, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 30.03.2006 година.

Број 08-1731/2 Градоначалник
03.04.2005 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

....................

**18.**

Врз основа на член 11 став 3 од Законот за библиотеките ("Сл. весник на РМ" број 66/04) и член 21 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" број 4/03) Советот на општина Струмица на седницата одржана на 30.03.2006 година, донесе

**О д л у к а**
**за давање согласност на Статутот на Локалната установа Библиотека "Благој Јанков Мучето" Струмица**

1. Се дава согласност на Статутот на Локалната установа Библиотека "Благој Јанков Мучето" Струмица, донесен од Управниот одбор на Библиотеката на седницата одржана на 02.02.2006 година.

2. Оваа Одлука влегува во сила по објавувањето во "Сл. гласник на општина Струмица".

Број 07-1731/1 Совет на општина Струмица
31.03.2006 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

........................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица ("Службен гласник на општина Струмица" број 4/03 и 2/06), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за давање согласност на Одлуката на ЈПКД "Комуналец" Струмица за одобрување на користење и цена на техничка вода на ЈП "Турија" Василево од водоводниот приклучок ЗИК "Струмичко Поле"

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката на ЈПКД "Комуналец" Струмица за одобрување на користење и цена на техничка вода на ЈП "Турија" Василево од водоводниот приклучок ЗИК "Струмица", донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 30.03.2006 година.

Број 08-1732/2 Градоначалник
03.04.2005 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

.....................

**19.**

Врз основа на член 11 став 1 точка 5 од Законот за јавните претпријатија ("Сл. весник на РМ" број 38/96) и член 21 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" број 4/03 и 2/06)

Советот на општина Струмица на седницата одржана на 30.03.2006 година, донесе

**О д л у к а**
**за давање согласност на Одлуката на ЈПКД “Комуналец” Струмица за одобрување користење и цена на техничка вода на ЈП “Турија” – Василево од водоводен приклучок ЗИК “Струмичко Поле”**

1. Се дава согласност на Одлуката на ЈПКД “Комуналец” Струмица за одобрување на користење и цена на техничка вода на ЈП “Турија” Василево, од водоводниот приклучок ЗИК “Струмичко Поле”, донесена од Управниот одбор на ова Претпријатие на седницата одржана на 16.02.2006 година.

2.Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Број 07-1732/1 Совет на општина Струмица
31.03.2006 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у ми ц а Зоран Ристов с.р.

........................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица ("Службен гласник на општина Струмица" број 4/03 и 2/06), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Решение
за објавување на Одлуката за давање согласност на Одлуката за висината на цени на услугите на пазари

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката за висината на цени на услугите на пазари, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 30.03.2006 година.

Број 08-1733/2 Градоначалник
03.04.2005 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

.......................

**20.**

Врз основа на член 11 став 1 точка 5 од Законот за јавните претпријатија (“Сл. весник на РМ” број 38/96) и член 21 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” број 4/03 и 2/06) Советот на општина Струмица на седницата одржана на 30.03.2006 година, донесе

**О д л у к а**
**за давање согласност на Одлукта за висината на цените на услугите на пазари**

1. Се дава согласност на Одлуката за висина на цените за услугите на пазари, донесена од Управниот одбор на ЈПКД “Комуналец” Струмица на седницата одржана на 16.02.2006 година.

2. Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Број 07-1733/1 Совет на општина Струмица
31.03.2006 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у ми ц а Зоран Ристов с.р.

..........................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица ("Службен гласник на општина Струмица" број 4/03 и 2/06), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за давање согласност на Одлуката за потврдување на донесени Одлуки од ЈПКД “Комуналец” Струмица

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката за потврдување на донесени Одлуки од ЈПКД “Комуналец” Струмица, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 30.03.2006 година.

Број 08-1734/2 Градоначалник
03.04.2005 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

................................

**21.**

Врз основа на член 11 став 1 точка 5 од Законот за јавните претпријатија (“Сл. весник на РМ” број 38/96) и член 21 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” број 4/03 и 2/06) Советот на општина Струмица на седницата одржана на 30.03.2006 година, донесе

**О д л у к а**
**за давање согласност на Одлуката за потврдување на донесени Одлуки од ЈПКД “Комуналец” Струмица**

1. Се дава согласност на Одлуката за потврдување на донесени Одлуки од ЈПКД

"Комуналец" Струмица, број 02-2649/4-2, донесена од Управниот одбор на ова Претпријатие на седницата одржана 11.11.2003 година.

2. Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во "Сл. гласник на општина Струмица".

Бр. 07-1734/1 Совет на општина Струмица
31.03.2006 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у ми ц а Зоран Ристов с.р

..............................

**22.**

Врз основа на член 113 алинеа 6 од Законот за основно образование (пречистен текст) ("Сл. весник на РМ" бр. 52/02 ,40/03, 42/03, 63/04, 82/04 и 55/05), Градоначалникот на општина Струмица донесе

**Р е ш е н и е**
**за престанок на мандатот на директорот на ОУ "Св. Кирил и Методиј" с. Дабиле**

1. Му престанува мандатот директор на ОУ "Св. Кирил и Методиј" с. Дабиле на Петре Атанасов поради смрт.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Сл. гласник на општина Струмица" .

**Образложение**

Со известување бр. 03-3/1 од 11.01.2006 година УО на ОУ "Св. Кирил и Методиј" од с. Дабиле, Градоначалникот е известен дека директорот на ОУ "Св. Кирил и Методиј" с. Дабиља, Петре Атанасов му престанал мандатот поради смрт на ден 07.01.2006 година.

Во Законот за основно образование е утврдено дека градоначалникот ги разрешува директорите на Основните училишта согласно одредбите на овој Закон.

Врз основа на горе наведеното се донесе Решение како во диспозитивот.

Бр. 08-261/1 Градоначалник
19.01.2006 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р

……………..

**23.**

Врз основа на член 59 став 10 и член 100-б од Законот за изменување и дополнување на Законот за основно образование ( "Сл. весник на РМ" бр. 63/04) и член 53 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" бр. 4/03), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

**Решение за именување**
**на вршител на должноста директор на ОУ "Св. Кирил и Методиј" с. Дабиле**

1. За вршител на должноста директор на ОУ "Св. Кирил и Методи" с. Дабиља, Општина Струмица се именува:

**АНИЦА ПАНОВА** - наставник од Струмица

2. Вршителот на должноста директор ќе ги врши работите до именување на директор, но не подолго од шест месеци од денот на именувањето.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Сл. гласник на општина Струмица"

**О б р а з л о ж е н и е**

Со известување бр. 03-3/1 од 11.01.2006 година УО на ОУ "Св. Кирил и Методи" од с. Дабиле, Градоначалникот е известен дека директорот на ОУ "Св. Кирил и Методиј" од с. Дабиле, Петре Атанасов му престанал мандатот поради смрт на 07.01.2006 година.

Во Законот за основно образование е утврдено дека Градоначалникот именува вршител на должноста директор во училиштето кој ќе ја врши ова должност до именувањето на директор, но не подолго од шест месеци.

Врз основа на горе наведеното се донесе Решение како во диспозитивот.

Бр. 08-261/2 Градоначалник
19.01.2006 год на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

……………………

**24.**

Врз основа на член 50 точка 14 и член 63 од Законот за локалната самоуправа ("Сл. весник на РМ" број 5/02) и член 13 точка 5 од Законот за државни службеници ("Сл. весник на РМ" број 8/05 – пречистен текст) Градоначалникот на општина Струмица, донесе

**Р е ш е н и е**
**за именување Секретар на општина Струмица**

1. Г-дин Кирил Парталов раководител на Секторот за правни, административни, општи работи и јавни дејности, се именува за секретар на општина Струмица сметано од 16.02.2006 година, согласно Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот

за систематизација на работните места во општинската администрација на општина Струмица број 08-3764/1 од 03.11.2005 година.

2. Платата и надоместоците на плата на државниот службеник ќе бидат утврдени со посебно решение.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 13 од Законот за државни службеници, член 39 од Статутот на општина Струмица и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на општинската администрација на општина Струмица, од редот на државните службеници од општинската администрација Г-дин Кирил Парталов се именува за секретар на општина Струмица.

Именувањето се смета од 16.02.2006 година.

Бр. 04-1010/1 Градоначалник
17.02.2006 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

…………………

**25.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 13 од Законот за локална самоуправа (“ Сл. весник на РМ” бр. 5/02) , член 39 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица” бр. 4 / 03) и член 20 од Законот за јавни набавки (“Сл. весник на РМ” бр. 19/04) Градоначалникот го донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ФОРМИРАЊЕ НА КОМИСИЈА ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ НА ОПШТИНА СТРУМИЦА**

Член 1

Се формира Комисија за јавни набавки на општина Струмица во состав:

1. Кирил Парталов - претседател
   Зоран Горгиев - заменик
2. Стојан Динев - член
   Иринка Ќосева - заменик
3. Никола Годев - член
   Атанас Манолев - заменик

Член 2

Со влегување во сила на ова Решение престанува да важи Решението за формирање на Комисија за јавни набавки бр. 08-512/1 од 24.03.2005 година.

Член 3

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Сл. гласник на општина Струмица.

Бр. 08-1362/1 Градоначалник
10.03.2006 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

……………….

**26.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 13 од Законот за локална самоуправа (“Сл. весник на РМ” бр. 5/02) и член 39 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” бр. 4/03), а заради имплементација на техничката помош од УСАИД/ПД во врска со Проектот за децентрализација на УСАИД, Градоначалникот на општината донесе

**Р е ш е н и е**
**за формирање на развоен тим за интегриран развој на општината**

1. Се формира Развоен тим за имплементација на техничката помош од УСАИД - Проект за децентрализација (УСАИД/ПД) која ќе се користи за интегриран развој на општината во состав:

- **за Менаџер ( раководител)**

- **КИРИЛ ПАРТАЛОВ -** на работно место Секретар на Општината.

- **за членови:**

**1. ЕВГЕНИЈА ГРАМАТИКОВА**- на работно место со звање раководител на Одделението за буџет и сметководство во Секторот за финансии и буџет;

**2. ДУШКО ВАСИЛЕВ** - на работно место со звање раководител на Одделението за администратирање на приходи во Секторот за финансии и буџет;

**3. ИВАНКА АЏИ-СКЕРЕЛВА** - на работно место соработник во Одделението за урбанизам во Секторот за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина и ЛЕР;

**4. ЗОРАН ГОРГИЕВ** - на работно место со звање раководител на Одделението за локален економски развој во Секторот за

урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина и ЛЕР;

**5.ЈОРДАНКА ЗАЕВА** - на работно место со звање раководител на Одделението за правни и општи работи во Секторот за правни, административни, општи работи и јавни дејности;

**6.ДИВНА МОЛЧАНОВА** - вработена во ЈПКД " Комуналец" Струмица;

**7.ИРИНКА ЌОСЕВА** - на работно место со звање советник - урбанистички аналитичар во Одделението за урбанизам при Секторот за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина и локален економски развој.

За исполнување на целите на мисијата, развојниот тим за интегриран развој ќе ги извршува особено следните задачи:

- утврдување акционен план на активности за ефективно имплементирање на техничката помош во интегрираниот развој на општината;
- му предлага на Градоначалникот да формира оперативни тимови за предлагање решение за промена на условите и начинот на работа во интегралниот развој со користење на одделни поврзани компоненти на техничката помош;
- Во соработка со менаџерот на консултанскиот тим на Проектот за децентрализација на УСАИД ја утврдува динамиката и обемот на ангажирање на консултантите за определени аспекти во работата на развојниот и оперативниот тим;
- Го усвојува извештајот од оперативниот тим;
- Редовно го информира градоначалникот и менаџерот на консултанскиот тим на проектот за децентрализација на УСАИД за планираните и реализираните активности;
- Во согласност со градоначалникот одлучува за начинот на вклучување и на други компоненти во интегралниот развој на општината подржана од истиот или други донатори.

2. Тимот работи на седница. Со седницата раководи менаџерот. Одлуките се донесуваат со мнозинство на гласови.

3. За остварување на мисијата и задачите на развојниот тим му се обезбедуваат следниве услови:

   - Работни простории за заседание на тимот;
   - Користење на персонален сметач, печатар, интернет, хартија и друг потрошен материјал;
   - Приоритет на работните задачи во тимот во однос на другите индивидуални обврски;
   - Во ситуација кога тимот не може да заседава во работно време, менаџерот на развојниот тим е овластен за работното ангажирање вон работното време, да му го предложи на градоначалникот начин на компензација .

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Сл.гласник на општина Струмица".

Бр. 08-1542/1 Градоначалник на
20. 03.2006 год. општина Струмица
Струмица Зоран Заев с.р.

…………………

**27.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 13 од Законот за локална самоуправа (" Сл. весник на РМ" бр. 5/02) и член 39 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" бр. 4/03), а заради имплементација на техничката помош од УСАИД/ПД во врска со Проектот за децентрализација на УСАИД, Градоначалникот на општината донесе

**Р е ш е н и е**
**за формирање на Оперативен тим за јавни комунални услуги**

Член 1

Се формира **Оперативен тим за јавни комунални услуги** за имплементација на техничката помош од УСАИД-Проект за децентрализација (УСАИД/ПД) која ќе се

користи за интегриран развој на општината во состав:

1. **Дивна Молчанова - менаџер**
2. **за членови:**
   - Благој Митров
   - Глигор Божијанов
   - Александра Ангелова
   - Драги Катранџиев
   - Стојан Ефтимов

Член 2

Мисијата на овој тим е:

- координирање на техничката помош и нејзино применување во развојот на општината;
- да се идентификуваат потенцијалните точки на подобрување ( ПИП-ови) кои се однесуваат на приоритетите на развојот на општината. Потоа создавање и спроведување на имплементација на решенијата.

Член 3

Во остварувањето на оваа мисија оперативниот тим ги извршува следниве задачи:

- ги дефинира потребните услови и мерки за имплементација на компонентите утврдени од развојниот тим во рамките на својот делокруг;
- ги утврдува организациските импликации за остварување на компонентите од својот делокруг;
- утврдува акционен план на активностите за ефективно остварување на компонентите од својот делокруг;
- го следи остварувањето на активностите од акциониот план и за тоа го известува развојниот тим.

Член 4

За остварување на мисијата и задачите на оперативниот тим , менаџерот на развојниот тим се овластува:

- Да ги закажува заседанијата на тимот;
- Да предложи ангажирање на соодветен надворешен консултант;
- Да ангажира внатрешно административно лице за водење на заседанијата на тимот;
- Да го претставува оперативниот тим на заседанијата на развојниот тим;
- Да ги донесува одлуките на оперативниот тим во случај кога тимот не е во состојба да постигне согласност.

Член 5

За остварување на мисијата и задачите, на тимот му се обезбедуваат следниве услови:

- Работна просторија за заседание на тимот;
- Користење на персонален сметач, печатар, интернет, хартија и друг потрошен материјал;
- Приоритет на работните задачи во тимот во однос на другите индивидуални обврски;
- Во ситуација кога тимот неможе да заседава во работно време, менаџерот на тимот е овластен да предложи до развојниот тим работното ангажирање вон од работното време, соодветно да се надомести.

Член 6

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Сл.гласник на општина Струмица”.

Бр. 08-1543/1 Градоначалник на
20. 03.2006 год. општина Струмица
Струмица Зоран Заев с.р.

………………………

**28.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 13 од Законот за локална самоуправа (“Сл. весник на РМ” бр. 5/02) и член 39 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” бр. 4/03), а заради имплементација на техничката помош од УСАИД/ПД во врска со Проектот за децентрализација на УСАИД, Градоначалникот на општината донесе

**Р е ш е н и е**
**за формирање на Оперативен тим за урбанистичко планирање, реализација на плановите и ГИС**

Член 1

Се формира **Оперативен тим за урбанистичко планирање, реализација на плановите и ГИС** за имплементација на техничката помош од УСАИД -Проект за децентрализација (УСАИД/ПД) која ќе се користи за интегриран развој на општината во состав:

**1. Иванка Аџи Скерлева - менаџер**
**2. за членови:**

- Манолев Атанас
- Иринка Ќосева
- Драга Кршкова
- Јосиф Христов
-

Член 2

Мисијата на овој тим е:

- координирање на техничката помош и нејзино применување во развојот на општината;
- да се идентификуваат потенцијалните точки на подобрување (ПИП-ови) кои се однесуваат на приоритетите на развојот на општината. Потоа создавање и спроведување на имплементација на решенијата.

Член 3

Во остварувањето на оваа мисија оперативниот тим ги извршува следниве задачи:

- ги дефинира потребните услови и мерки за имплементација на компонентите утврдени од развојниот тим во рамките на својот делокруг;
- ги утврдува организациските импликации за остварување на компонентите од својот делокруг;
- утврдува акционен план на активностите за ефективно остварување на компонентите од својот делокруг;
- го следи остварувањето на активностите од акциониот план и за тоа го известува развојниот тим.

Член 4

За остварување на мисијата и задачите на оперативниот тим , менаџерот на развојниот тим се овластува:

- Да ги закажува заседанијата на тимот;
- Да предложи ангажирање на соодветен надворешен консултант;
- Да ангажира внатрешно административно лице за водење на заседанијата на тимот;
- Да го претставува оперативниот тим на заседанијата на развојниот тим;
- Да ги донесува одлуките на оперативниот тим во случај кога тимот не е во состојба да постигне согласност

Член 5

За остварување на мисијата и задачите, на тимот му се обезбедуваат следниве услови:

- Работна просторија за заседание на тимот;
- Користење на персонален сметач, печатар, интернет, хартија и друг потрошен материјал;
- Приоритет на работните задачи во тимот во однос на другите индивидуални обврски;
- Во ситуација кога тимот неможе да заседава во работно време, менаџерот на тимот е овластен да предложи до развојниот тим работното ангажирање вон од работното време, соодветно да се надомести.

Член 6

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Сл.гласник на општина Струмица”.

Бр. 08-1547/1 Градоначалник
20 . 03.2006 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

………………………

**29.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 13 од Законот за локална самоуправа (“Сл. весник на РМ” бр. 5/02) и член 39 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” бр. 4/03), а заради имплементација на техничката помош од УСАИД/ПД во врска со Проектот за децентрализација на УСАИД, Градоначалникот на општината донесе

**Р е ш е н и е**
**за формирање на Оперативен тим за внатрешна организација**

Член 1

Се формира **Оперативен тим за внатрешна организација**
имплементација на техничката помош од УСАИД Проект за децентрализација (УСАИД/ПД) која ќе се користи за интегриран развој на општината во состав:

1. **Душко Василев - менаџер**
2. **за членови:**
   - Спасе Гигоров
   - Никола Годев
   - Ленче Трајкова
   - Мери Андреева
   - Панче Тодоров

Член 2

Мисијата на овој тим е:

- координирање на техничката помош и нејзино применување во развојот на општината;
- да се идентификуваат потенцијалните точки на подобрување (ПИП-ови) кои се однесуваат на приоритетите на развојот на општината. Потоа создавање и спроведување на имплементација на решенијата.

Член 3

Во остварувањето на оваа мисија оперативниот тим ги извршува следниве задачи:

- ги дефинира потребните услови и мерки за имплементација на компонентите утврдени од развојниот тим во рамките на својот делокруг;
- ги утврдува организациските импликации за остварување на компонентите од својот делокруг;
- утврдува акционен план на активностите за ефективно остварување на компонентите од својот делокруг;
- го следи остварувањето на активностите од акциониот план и за тоа го известува развојниот тим.

Член 4

За остварување на мисијата и задачите на оперативниот тим, менаџерот на развојниот тим се овластува:

- Да ги закажува заседанијата на тимот;
- Да предложи ангажирање на соодветен надворешен консултант;
- Да ангажира внатрешно административно лице за водење на заседанијата на тимот;
- Да го претставува оперативниот тим на заседанијата на развојниот тим
- Да ги донесува одлуките на оперативниот тим во случај кога тимот не е во состојба да постигне согласност.

Член 5

За остварување на мисијата и задачите, на тимот му се обезбедуваат следниве услови:

- Работна просторија за заседание на тимот;
- Користење на персонален сметач, печатач, интернет, хартија и друг потрошен материјал;
- Приоритет на работните задачи во тимот во однос на другите индивидуални обврски;
- Во ситуација кога тимот неможе да заседава во работно време, менаџерот на тимот е овластен да предложи до развојниот тим работното ангажирање вон од работното време, соодветно да се надомести.

Член 6

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Сл.гласник на општина Струмица”.

Бр. 08-1545/1 — Градоначалник
20.03.2006 год. — на општина Струмица
С т р у м и ц а — Зоран Заев с.р.

…………………

**30.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 13 од Законот за локална самоуправа (“Сл. весник на РМ” бр. 5/02) и член 39 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” бр. 4/03), а заради имплементација на техничката помош од УСАИД/ПД во врска со Проектот за децентрализација на УСАИД, Градоначалникот на општината донесе

**Р е ш е н и е**
**за формирање на Оперативен тим за односи со јавноста**

Член 1

Се формира **Оперативен тим за односи со јавноста** имплементација на техничката помош од УСАИД Проект за децентрализација

(УСАИД/ПД) која ќе се користи за интегриран развој на општината во состав:

1. **Јорданка Заева - менаџер**
2. **за членови:**
   - Васил Крстев
   - Васил Нецев
   - Соња Стојкова
   - Борче Димитров

Член 2

Мисијата на овој тим е:

- координирање на техничката помош и нејзино применување во развојот на општината;
- да се идентификуваат потенцијалните точки на подобрување (ПИП-ови) кои се однесуваат на приоритетите на развојот на општината. Потоа создавање и спроведување на имплементација на Решенијата.

Член 3

Во остварувањето на оваа мисија оперативниот тим ги извршува следниве задачи:

- ги дифинира потребните услови и мерки за имплементација на компонентите утврдени од развојниот тим во рамките на својот делокруг;
- ги утврдува организациските импликации за остварување на компонентите од својот делокруг;
- утврдува акционен план на активностите за ефективно остварување на компонентите од својот делокруг;
- го следи остварувањето на активностите од акциониот план и за тоа го известува развојниот тим.

Член 4

За остварување на мисијата и задачите на оперативниот тим, менаџерот на развојниот тим се овластува:

- Да ги закажува заседанијата на тимот;
- Да предложи ангажирање на соодветен надворешен консултант;
- Да ангажира внатрешно административно лице за водење на заседанијата на тимот;
- Да го претставува оперативниот тим на заседанијата на развојниот тим ;
- Да ги донесува одлуките на оперативниот тим во случај кога тимот не е во состојба да постигне согласност.

Член 5

За остварување на мисијата и задачите, на тимот му се обезбедуваат следниве услови:

- Работна просторија за заседание на тимот;
- Користење на персонален сметач, печатар, интернет, хартија и друг потрошен материјал;
- Приоритет на работните задачи во тимот во однос на другите индивидуални обврски;
- Во ситуација кога тимот неможе да заседава во работно време, менаџерот на тимот е овластен да предложи до развојниот тим работното ангажирање вон од работното време, соодветно да се надомести.

Член 6

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Сл.гласник на општина Струмица.

Бр. 08-1546/1 Градоначалник
20.03.2006 год. на општина Струмица
Струмица Зоран Заев с.р.

……………………….

**31.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 13 од Законот за локална самоуправа (“Сл. весник на РМ” бр. 5/02) и член 39 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” бр. 4/03), а заради имплементација на техничката помош од УСАИД/ПД во врска со Проектот за децентрализација на УСАИД, Градоначалникот на општината донесе

**Р е ш е н и е**
**за формирање на Оперативен тим за обука**

Член 1

Се формира **Оперативен тим за обука** имплементација на техничката помош од УСАИД - Проект за децантрализација

(УСАИД/ПД) која ќе се користи за интегриран развој на општината во состав:

1. **Евгенија Граматикова - менаџер**
2. **за членови:**
   - Виолета Тимова
   - Спасенија Василева
   - Андреј Ташев
   - Ленче Дикова

Член 2

Мисијата на овој тим е:

- координирање на техничката помош и нејзино применување во развојот на општината;
- да се идентификуваат потенцијалните точки на подобрување (ПИП-ови) кои се однесуваат на приоритетите на развојот на општината. Потоа создавање и спроведување на имплементација на решенијата.

Член 3

Во остварувањето на оваа мисија оперативниот тим ги извршува следниве задачи:

- ги дефинира потребните услови и мерки за имплементација на компонентите утврдени од развојниот тим во рамките на својот делокруг;
- ги утврдува организациските импликации за остварување на компонентите од својот делокруг;
- утврдува акционен план на активностите за ефективно остварување на компонентите од својот делокруг;
- го следи остварувањето на активностите од акциониот план и за тоа го известува развојниот тим.

Член 4

За остварување на мисијата и задачите на оперативниот тим, менаџерот на развојниот тим се овластува:

- Да ги закажува заседанијата на тимот;
- Да предложи ангажирање на соодветен надворешен консултант;
- Да ангажира внатрешно административно лице за водење на заседанијата на тимот;
- Да го претставува оперативниот тим на заседанијата на развојниот тим;
- Да ги донесува одлуките на оперативниот тим во случај кога тимот не е во состојба да постигне согласност.

Член 5

За остварување на мисијата и задачите, на тимот му се обезбедуваат следниве услови:

- Работна просторија за заседание на тимот;
- Користење на персонален сметач, печатар, интернет, хартија и друг потрошен материјал;
- Приоритет на работните задачи во тимот во однос на другите индивидуални обврски;
- Во ситуација кога тимот неможе да заседава во работно време, менаџерот на тимот е овластен да предложи до развојниот тим работното ангажирање вон од работното време, соодветно да се надомести.

Член 6

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Сл.гласник на општина Струмица”.

Бр. 08-1547/1 — Градоначалник
20.03.2006 год. — на општина Струмица
С т р у м и ц а — Зоран Заев с.р.

…………………

**31.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 13 од Законот за локална самоуправа (“Сл. весник на РМ” бр. 5/02) и член 39 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” бр. 4/03), а заради имплементација на техничката помош од УСАИД/ПД во врска со Проектот за децентрализација на УСАИД, Градоначалникот на општината донесе

**Р е ш е н и е**
**за формирање на Оперативен тим за хардвер и софтвер**

Член 1

Се формира **Оперативен тим за хардвер и софтвер** имплементација на техничката помош од УСАИД Проект за децентрализација (УСАИД/ПД) која ќе се користи за интегриран развој на општината во состав:

1. **Зоран Горгиев - менаџер**
2. **за членови:**
   - Стојан Динев
   - Ице Секулов
   - Снежана Паљошкова
   - Тони Велков

Член 2

Мисијата на овој тим е:

- координирање на техничката помош и нејзино применување во развојот на општината;
- да се идентификуваат потенцијалните точки на подобрување (ПИП-ови) кои се однесуваат на приоритетите на развојот на општината. Потоа создавање и спроведување на имплементација на Решенијата.

Член 3

Во остварувањето на оваа мисија оперативниот тим ги извршува следниве задачи:

- ги дефинира потребните услови и мерки за имплементација на компонентите утврдени од развојниот тим во рамките на својот делокруг;
- ги утврдува организациските импликации за остварување на компонентите од својот делокруг;
- утврдува акционен план на активностите за ефективно остварување на компонентите од својот делокруг;
- го следи остварувањето на активностите од акциониот план и за тоа го известува развојниот тим.

Член 4

За остварување на мисијата и задачите на оперативниот тим, менаџерот на развојниот тим се овластува:

- Да ги закажува заседанијата на тимот;
- Да предложи ангажирање на соодветен надворешен консултант
- Да ангажира внатрешно административно лице за водење на заседанијата на тимот;
- Да го претставува оперативниот тим на заседанијата на развојниот тим;
- Да ги донесува одлуките на оперативниот тим во случај кога тимот не е во состојба да постигне согласност.

Член 5

За остварување на мисијата и задачите, на тимот му се обезбедуваат следниве услови:

- Работна просторија за заседание на тимот;
- Користење на персонален сметач, печатар, интернет, хартија и друг потрошен материјал;
- Приоритет на работните задачи во тимот во однос на другите индивидуални обврски;
- Во ситуација кога тимот неможе да заседава во работно време, менаџерот на тимот е овластен да предложи до развојниот тим работното ангажирање вон од работното време, соодветно да се надомести.

Член 6

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Сл.гласник на општина Струмица".

| | |
|---|---|
| Бр. 08-1548/1 | Градоначалник |
| 20.03.2006 год. | на општина Струмица |
| С т р у м и ц а | Зоран Заев с.р. |

……………….

## 33.

Врз основа на член 100 став 8 од Законот за заштита на децата ("Сл. весник на РМ" број 98.2000, 17/03, 65/04 и 113/05) и член 53 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" број 4/03), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

**Р е ш е н и е**
**за избор на директор на Јавната општинска установа детска градинка "Детска радост" Струмица**

1.За директор на ЈОУДГ "Детска Радост" - Струмица ја избирам

**МАРКОВА ЃОРГИ ТИНКА** дипл. економист од Струмица

2. Должностите на директор ќе ги врши од денот на стапување во сила на ова Решение.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Сл. гласник на општина Струмица".

**О б р а з л о ж е н и е**

ЈОУДГ "Детска Радост" Струмица на ден 02.03.2006 година има објавено оглас за избор на директор на ЈОУДГ "Детска Радост" Струмица.

Управниот одбор на седницата одржана на 15.03.2006 година по извршеното интервју на ден 22.03.2006 година, достави предлог до Градоначалникот на општина Струмица под број 45 од 16.03.2006 година за директор да ја избере Маркова Тинка.

Во Законот за заштита на децата е регулирано дека градоначалникот на општината избира директор на јавните општински установи детски градинки.

Врз основа на горенаведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

Број 04-1584/2 Градоначалник
23.03.2006 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

…………………

**34.**

Врз основа на член 113 став 1 алинеа 1 од Законот за основно образование (пречистен текст) ("Сл. весник на РМ" бр. 52/02 ), Градоначалникот на општина Струмица донесе

**Р е ш е н и е**
**за разрешување на директорот**
**на ОУ "Герас Цунев" с. Просениково**

1. Се разрешува директорот на ОУ "Герас Цунев" с. Просениково Васе Цветков поради лично барање за разрешување од функцијата директор на училиштето.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Сл. гласник на општина Струмица".

**О б р а з л о ж е н и е**

Со барање бр. 02-34/4 од 22.03.2006 година на Управниот одбор на ОУ "Герас Цунев" од с. Просениково бара од градоначалникот да го разреши од функција директорот на ОУ "Герас Цунев" с. Просениково, Васе Цветков. Причина е тоа што до Управниот одбор има поднесено лично барање за негово разрешување од должност директор на училиштето од лични причини. Управниот одбор на седницата одржана на ден 22.03.2006 година има донесено одлука за прифаќање на неговото барање и му предложи на градоначалникот да го разреши од должноста директор Васе Цветков.

Во Законот за основно образование е утврдено дека градоначалникот ги разрешува директорите на Основните училишта согласно одредбите на овој Закон.

Врз основа на горе наведеното се донесе решение како во диспозитивот.

Бр. 08- 1600/2 Градоначалник
04.04.2006 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

………………..

**35.**

Врз основа на член 59 став 10 и член 100-б од Законот за изменување и дополнување на Законот за основно образование ("Сл. весник на РМ" бр. 63/04) и член 53 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" бр. 4/03) , Градоначалникот донесе

**Р е ш е н и е**
**за именување на вршител на должноста на директор на ОУ "Герас Цунев" с. Просениково**

1.За Вршител на должноста на директор на ОУ "Герас Цунев" с. Просениково Општина Струмица се именува

**МАРИКА ГЕОРГИЕВА** вработена во истото училиште.

2. Вршителот на должноста директор ќе ги врши работите до именување на нов директор, но не подолго од шест месеци од денот на именувањето.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Сл. гласник на општина Струмица".

**Образложение**

Со барање бр. 02-34/4 од 22.03.2006 година на Управниот одбор на ОУ "Герас Цунев" од с. Просениково, бара од градоначалникот да го разреши од функција директор на ОУ "Герас Цунев" с. Просениково Васе Цветков. Причина е што тој до Управниот одбор има поднесено барање за негово разрешување од должност директор на училиштето од лични причини. Управниот одбор на седницата одржана на ден 22.03.2006 година има донесено одлука за прифаќање на неговото барање и му предложи на градоначалникот да го разреши од должноста директор Васе Цветков.

Во Законот за основно образование е утврдено дека градоначалникот именува вршител на должноста директор од редот на

вработените во училиштето кој ќе ја врши оваа должност до именувањето на нов директор но не подолго од шест месеци.

Врз основа на горе наведеното се донесе решение како во диспозитивот.

Бр. 08-1600/3 Градоначалник
04.04.2006 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

………..…….

**36.**

Врз основа на член 113 став 1 алинеа 1 од Законот за основно образование (пречистен текст) ("Сл. весник на РМ" бр. 52/02 ), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

**Р е ш е н и е**
**за разрешување на директорот на ОУ "Даме Груев" с. Куклиш**

1. Се разрешува директорот на ОУ "Даме Груев" с. Куклиш, Валентина Пеливанова поради лично барање за разрешување од функцијата директор на училиштето.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Сл. гласник на општина Струмица" .

**Образложение**

Со барање бр. 02-90/1 од 23.03.2006 година на Управниот одбор на ОУ "Даме Груев" од с. Куклиш бара од градоначалникот да ја разреши од функција директор на ОУ "Даме Груев" с. Куклиш Валентина Пеливанова . Причина за ваквото барање е што до Управниот одбор има поднесено лично барање за нејзино разрешување од должност директор на училиштето од лични причини. Управниот одбор на седницата одржана на ден 23.03.2006 година има донесено одлука за прифаќање на нејзиното барање и му предложи на градоначалникот да ја разреши од должноста директор Валентина Пеливанова.

Во Законот за основно образование е утврдено дека градоначалникот ги разрешува директорите на Основните училишта согласно одредбите на овој Закон.

Врз основа на горе наведеното се донесе решение како во диспозитивот.

Бр. 08- 1639/2 Градоначалник
04.04.2006 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

**37.**

Врз основа на член 59 став 10 и член 100-б од Законот за изменување и дополнување на Законот за основно образование ("Сл. весник на РМ" бр. 63/04) и член 53 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" бр. 4/03) , Градоначалникот донесе

**Р е ш е н и е**
**за именување вршител на должноста на директор на ОУ "Даме Груев" с. Куклиш**

1. За вршител на должноста на директор на ОУ ,"Даме Груев" с. Куклиш Општина Струмица се именува **ЕЛИЗАБЕТА ДОНЧЕВСКА ЛУШИН** вработена во истото училиште.

2. Вршителот на должноста на директор ќе ги врши работите до именување на директор, но не подолго од шест месеци од денот на именувањето.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Сл. гласник на општина Струмица".

**Образложение**

Со барање бр. 02-90/1 од 23.03.2006 година на Управниот одбор на ОУ "Даме Груев" од с. Куклиш бара од градоначалникот да ја разреши од функција директор на ОУ "Даме Груев" с. Куклиш Валентина Пеливанова . Причина за ваквото барање е што до Управниот одбор има поднесено лично барање за нејзино разрешување од должност директор на училиштето од лични причини. Управниот одбор на седницата одржана на ден 23.03.2006 година има донесено одлука за прифаќање на нејзиното барање и му предложи на градоначалникот да ја разреши од должноста директор Валентина Пеливанова.

Во Законот за основно образование е утврдено дека градоначалникот именува вршител на должноста на директор од редот на вработените во училиштето кој ќе ја врши ова должност до именувањето на директор но не подолго од шест месеци.

Врз основа на горе наведеното се донесе решение како во диспозитивот.

Бр. 08-1639/3 Градоначалник
04.04.2006 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

………………..

**38.**

Врз основа на член 113 став 1 алинеа 1 од Законот за основно образование (пречистен текст) ("Сл. весник на РМ" бр. 52/02), Градоначалникот на општина Струмица донесе

**Р е ш е н и е**
**за разрешување на директорот на ОУ "Маршал Тито" с. Муртино**

1. Се разрешува директорот на ОУ "Маршал Тито" с. Муртино Фида Галева поради лично барање за разрешување од функцијата директор на училиштето.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Сл. гласник на општина Струмица" .

**Образложение**

Со барање бр. 03-65/1 од 23.03.2006 година на Управниот одбор на ОУ "Маршал Тито" од с. Муртино бара од градоначалникот да ја разреши од функција директор на ОУ "Маршал Тито" с. Муртино Фида Галева . Причина за ваквото барање е што до Управниот одбор има поднесено лично барање за нејзино разрешување од должност директор на училиштето од лични причини. Управниот одбор на седницата одржана на ден 23.03.2006 година има донесено одлука за прифаќање на нејзиното барање и му предложи на градоначалникот да ја разреши од должноста директор Фида Галева .

Во Законот за основно образование е утврдено дека градоначалникот ги разрешува директорите на Основните училишта согласно одредбите на овој Закон.

Врз основа на горе наведеното се донесе решение како во диспозитивот.

Бр. 08- 1674/2 Градоначалник
04.04.2006 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

……………………..

**39.**

Врз основа на член 59 став 10 и член 100-б од Законот за изменување и дополнување на Законот за основно образование ("Сл. весник на РМ" бр. 63/04) и член 53 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" бр. 4/03) , Градоначалникот донесе

**Р е ш е н и е**
**за именување вршител на должноста на директор на ОУ "Маршал Тито" с. Муртино**

1. За вршител на должноста директор на ОУ "Маршал Тито" с. Муртино Општина Струмица се именува

**ВИОЛЕТА МИЛКОВА** вработена во истото училиште.

2. Вршителот на должноста на директор ќе ги врши работите до именување на директор, но не подолго од шест месеци од денот на именувањето.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Сл. гласник на општина Струмица".

**Образложение**

Со барање бр. 02-65/1 од 23.03.2006 година на Управниот одбор на ОУ "Маршал Тито" од с. Муртино бара од градоначалникот да ја разреши од функција директор на ОУ "Маршал Тито" с. Муртино Фида Галева . Причина за ваквото барање е што до Управниот одбор има поднесено лично барање за нејзино разрешување од должност директор на училиштето од лични причини. Управниот одбор на седницата одржана на ден 22.03.2006 година има донесено одлука за прифаќање на нејзиното барање и му предложи на градоначалникот да ја разреши од должноста дирекотор Фида Галева.

Во Законот за основно образование е утврдено дека градоначалникот именува вршител на должноста директор од редот на вработените во училиштето кој ќе ја врши оваа должност до именувањето на директор но не подолго од шест месеци.

Врз основа на горе наведеното се донесе решение како во диспозитивот.

Бр. 08-1674/3 Градоначалник
04.04.2006 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

……………………..

**40.**

Врз основа на член 113 став 1 алинеа 1 од Законот за основно образование (пречистен текст) ("Сл. весник на РМ" бр. 52/02), Градоначалникот на општина Струмица донесе

**Р е ш е н и е**
**за разрешување на директорот на ОУ "Сандо Масев" Струмица**

1. Се разрешува директорот на ОУ "Сандо Масев" Струмица Кирил Јанчев

поради лично барање за разрешување од функцијата директор на училиштето.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Сл. гласник на општина Струмица”.

**Образложение**

Со барање бр. 04-122/1 од 23.03.2006 година на Управниот одбор на ОУ “Сандо Масев” од Струмица бара од градоначалникот да го разреши од функција директор на ОУ “Сандо Масев” Струмица Кирил Јанчев. Причина за ваквото барање е што до Управниот одбор има поднесено лично барање за негово разрешување од должноста директор на училиштето од лични причини. Управниот одбор на седницата одржана на ден 22.03.2006 година има донесено одлука за прифаќање на негово барање и му предложи на градоначалникот да го разреши од должноста директорот Кирил Јанчев.

Во Законот за основно образование е утврдено дека градоначалникот ги разрешува директорите на Основните училишта согласно одредбите на овој Закон.

Врз основа на горе наведеното се донесе решение како во диспозитивот.

Бр. 08- 1641/2 Градоначалник
04.04.2006 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

……………

**41.**

Врз основа на член 59 став 10 и член 100-б од Законот за изменување и дополнување на Законот за основно образование (“Сл. весник на РМ” бр. 63/04) и член 53 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” бр. 4/03), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

**Р е ш е н и е**
**за именување вршител на должноста на директор на ОУ “Сандо Масев” Струмица**

1. За вршител на должноста директор на ОУ “Сандо Масев” -Општина Струмица се именува

**ЛИДИЈА МАНУШЕВА** вработена во истото училиште.

2. Вршителот на должноста директор ќе ги врши работите до именување на директор, но не подолго од шест месеци од денот на именувањето.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Сл. гласник на општина Струмица”.

**Образложение**

Со барање бр. 04-122/1 од 23.03.2006 година на Управниот одбор на ОУ “Сандо Масев” од Струмица бара од градоначалникот да го разреши од функција директорот на ОУ ”Сандо Масев” Струмица Кирил Јанчев. Причина за ваквото барање е што до Управниот одбор има поднесено лично барање за негово разрешување од должност директор на училиштето од лични причини. Управниот одбор на седницата одржана на ден 22.03.2006 година има донесено одлука за прифаќање на неговото барање и му предложи на градоначалникот да го разреши од должноста директор Кирил Јанчев.

Во Законот за основно образование е утврдено дека градоначалникот именува вршител на должноста директор од редот на вработените во училиштето кој ќе ја врши оваа должност до именувањето на директор но не подолго од шест месеци.

Врз основа на горе наведеното се донесе решение како во диспозитивот.

Бр. 08-1641/3 Градоначалник
04.04.2006 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

……………

**42.**

Врз основа на член 113 став 1 алинеа 1 од Законот за основно образование (пречистен текст) “Сл. весник на РМ” бр. 52/02), Градоначалникот на општина Струмица донесе

**Р е ш е н и е**
**за резрешување на директорот на ОУ “Видое Подгорец” Струмица**

1. Се разрешува директорот на ОУ “Видое Подгорец” Струмица Ристо Арапов поради лично барање за разрешување од функцијата директор на училиштето.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Сл. гласник на општина Струмица”.

**Образложение**

Со барање бр. 04-72/1 од 23.03.2006 година на Управниот одбор на ОУ “Видое Подгорец” од Струмица бара од градоначалникот да го разреши од функција директорот на ОУ “Видое Подгорец”

Струмица, Ристо Арапов. Причина за ваквото барање е што до Управниот одбор има поднесено лично барање за негово разрешување од должност директор на училиштето од лични причини. Управниот одбор го прифати неговото барање и му предложи на градоначалникот да го разреши од должноста директор Ристо Арапов.

Во Законот за основно образование е утврдено дека градоначалникот ги разрешува директорите на Основните училишта согласно одредбите на овој Закон.

Врз основа на горе наведеното се донесе решение како во диспозитивот.

Бр. 08- 1619/2 Градоначалник
04.04.2006 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

……………….

**43.**

Врз основа на член 59 став 10 и член 100-б од Законот за изменување и дополнување на Законот за основно образование (“Сл. весник на РМ” бр. 63/04) и член 53 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” бр. 4/03), Градоначалникот донесе

**Р е ш е н и е**
**за именување вршител на должноста на директор на ОУ “Видое Подгорец” Струмица**

1. За вршител на должноста директор на ОУ “Видое Подгорец“ Струмица, Општина Струмица се именува

**НАТАША ХАЏИ -ЕЛЕНОВА** вработена во истото училиште.

2. Вршителот на должноста на директор ќе ги врши работите до именување на директор, но не подолго од шест месеци од денот на именувањето.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Сл. гласник на општина Струмица”.

**Образложение**

Со барање бр. 02-72/1 од 23.03.2006 година на Управниот одбор на ОУ “Видое Подгорец” од Струмица бара од градоначалникот да го разреши од функција директор на ОУ “Видое Подгорец” Ристо Арапов . Причина за ваквото барање е што до Управниот одбор има поднесено лично барање за негово разрешување од должност директор на училиштето од лични причини. Управниот одбор го прифати неговото барање и му предложи на градоначалникот да го разреши од должноста дирекотор Ристо Арапов.

Во Законот за основно образование е утврдено дека градоначалникот именува вршител на должноста директор од редот на вработените во училиштето кој ќе ја врши ова должност до именувањето на директор но не подолго од шест месеци.

Врз основа на горе наведеното се донесе решение како во диспозитивот.

Бр. 08-1619/3 Градоначалник
04.04.2006 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

…………………..

**44.**

Врз основа на член 113 став 1 алинеа 1 од Законот за основно образование (пречистен текст) (“Сл. весник на РМ” бр. 52/02), Градоначалникот на општина Струмица донесе

**Р е ш е н и е**
**за разрешување на директорот на ОУ “Маршал Тито” Струмица**

1. Се разрешува директорот на ОУ “Маршал Тито” Струмица, Софија Макенџиева поради лично барање за разрешување од функцијата директор на училиштето.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Сл. гласник на општина Струмица” .

**О б р а з л о ж е н и е**

Со барање бр. 02-41 /1 од 23.03.2006 година на Управниот одбор на ОУ “Маршал Тито” од Струмица бара од градоначалникот да ја разреши од функција директор на ОУ “Маршал Тито” Струмица, Софија Макенџиева . Причина за ваквото барање е што до Управниот одбор има поднесено лично барање за нејзино разрешување од должност директор на училиштето од лични причини. Управниот одбор на седницата одржана на ден 22.03.2006 година има донесено одлука за прифаќање на нејзиното барање и му предложи на градоначалникот да ја разреши од должноста директор Софија Макенџиева.

Во Законот за основно образование е утврдено дека градоначалникот ги разрешува директорите на Основните училишта согласно одредбите на овој Закон.

Врз основа на горе наведеното се донесе решение како во диспозитивот.

Бр. 08- 1620/2 Градоначалник
04.04.2006 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

……………….

**45.**

Врз основа на член 59 став 10 и член 100-б од Законот за изменување и дополнување на Законот за основно образование ( "Сл. весник на РМ" бр. 63/04) и член 53 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" бр. 4/03) , Градоначалникот донесе

**Р е ш е н и е**
**за именување вршител на должноста на директор на ОУ "Маршал Тито" Струмица**

1. За вршител на должноста директор на ОУ "Маршал Тито" Струмица Општина Струмица се именува **СНЕЖАНА КОЛЕВА** вработена во истото училиште.

2. Вршителот на должноста на директор ќе ги врши работите до именување на директор, но не подолго од шест месеци од денот на именувањето.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Сл. гласник на општина Струмица".

**Образложение**

Со барање бр. 02-41 /1 од 23.03.2006 година на Управниот одбор на ОУ "Маршал Тито" од Струмица бара од градоначалникот да ја разреши од функција директор на ОУ "Маршал Тито" Струмица, Софија Макенџиева. Причина за ваквото барање е што до Управниот одбор има поднесено лично барање за нејзино разрешување од должност директор на училиштето од лични причини. Управниот одбор на седницата одржана на ден 22.03.2006 година има донесено одлука за прифаќање на нејзиното барање и му предложи на градоначалникот да ја разреши од должноста директор Софија Макенџиева.

Во Законот за основно образование е утврдено дека градоначалникот именува вршител на должноста на директор од редот на вработените во училиштето кој ќе ја врши оваа должност до именувањето на директор но не подолго од шест месеци.

Врз основа на горе наведеното се донесе решение како во диспозитивот.

Бр. 08-1620/3 Градоначалник
04.04.2006 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

…………………

**46.**

Врз основа на член 113 став 1 алинеа 1 од Законот за основно образование (пречистен текст) ("Сл. весник на РМ" бр. 52/02), Градоначалникот на општина Струмица донесе

**Р е ш е н и е**
**за разрешување на директорот на ОУ "Никола Вапцаров" Струмица**

1. Се разрешува директорот на ОУ "Никола Вапцаров" Струмица Митко Спасов поради лично барање за разрешување од функцијата директор на училиштето.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Сл. гласник на општина Струмица" .

**Образложение**

Со барање бр. 03-98/1 од 23.03.2006 година на Управниот одбор на ОУ "Никола Вапцаров" од Струмица бара од градоначалникот да го разреши од функција директор на ОУ "Никола Вапцаров" Струмица, Митко Спасов . Причина за ваквото барање е што до Управниот одбор има поднесено лично барање за негово разрешување од должност директор на училиштето од лични причини. Управниот одбор го прифати неговото барање и му предложи на градоначалникот да го разреши од должноста директор Митко Спасов .

Во Законот за основно образование е утврдено дека градоначалникот ги разрешува директорите на Основните училишта согласно одредбите на овој закон.

Врз основа на горе наведеното се донесе решение како во диспозитивот.

Бр. 08- 1622/2 Градоначалник
04.04.2006 год. општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

……………….

**47.**

Врз основа на член 59 став 10 и член 100-б од Законот за изменување и дополнување на Законот за основно образование ("Сл. весник на РМ" бр. 63/04) и член 53 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" бр. 4/03), Градоначалникот донесе

**Р е ш е н и е**
**за именување вршител на должноста на директор на ОУ "Никола Вапцаров" Струмица**

1. За вршител на должноста на директор на ОУ "Никола Вапцаров" Струмица Општина Струмица се именува **ЕЛЕНА КАРАКАШЕВА НАЈДОВА** вработена во истото училиште.

2. Вршителот на должноста на директор ќе ги врши работите до именување на директор, но не подолго од шест месеци од денот на именувањето.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Сл. гласник на општина Струмица".

**Образложение**

Со барање бр. 02-98/1 од 23.03.2006 година на Управниот одбор на ОУ "Никола Вапцаров" од Струмица бара од градоначалникот да го разреши од функција директор на ОУ "Никола Вапцаров" Митко Спасов. Причина за ваквото барање е што до Управниот одбор има поднесено лично барање за негово разрешување од должност директор на училиштето од лични причини. Управниот одбор го прифати неговото барање и му предложи на градоначалникот да го разреши од должноста директор Митко Спасов.

Во Законот за основно образование е утврдено дека градоначалникот именува вршител на должноста на директор од редот на вработените во училиштето кој ќе ја врши оваа должност до именувањето на директор но не подолго од шест месеци.

Врз основа на горе наведеното се донесе решение како во диспозитивот.

Бр. 08- 1622/3 Градоначалник
04.04.2006 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

…………….

-----------------------------------------------------------------
------------------------------------------